Врз основа на член 58 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, а во врска со член 89 од Законот за банки, Надзорниот одбор на Банката го дава следното:

**МИСЛЕЊЕ**
**за Годишниот извештај за работењето на Банката во 2022 година**

Годишниот извештај за работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје го опфаќа работењето на Банката во периодот од 01.01 -31.12.2022 година. Во извештајот на систематизиран начин е презентирано остварувањето на одделни банкарски активности и сите останати активности за кои се известува согласно Законот за трговските друштва, Законот за банките и Одлуката за добро корпоративно управување во банка.

Извештајот содржи податоци за условите во коишто Банката ја вршеше својата деловна активност, финансиската состојба на Банката, остварениот финансиски резултат, оствареното пазарно учество и развојот на производи. Во Извештајот е презентиран системот на управувањето со ризиците, усогласеноста на работењето на Банката со прописите, корпоративното управување, активностите на внатрешната ревизија, достигнувањата по одделни сегменти од деловното работење и останати банкарски активности кои се во функција на поуспешно работење на Банката. Извештајот дава целосна слика за работењето на Банката и нејзините организациони единици во 2022 година.

Податоците презентирани во Годишниот извештај ја потврдуваат определбата на Банката за стабилно и профитабилно работење и истовремено почитување на законската регулатива и регулативата на НБРСМ.

Според нашето мислење, Годишниот извештај дава објективна слика за работењето на Банката во 2022 година, состојбата на нејзините средства и финансиската успешност.

31.03.2023 година

НАДЗОРЕН ОДБОР
ПРЕТСЕДАТЕЛ